# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

## Член 1

Во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 86/2008, 6/10 и 42/14), во член 39 зборовите: „одговорното лице" се заменуваат со зборовите: „функционерот или раководното лице".

## Член 2

Во член 40 став (1) зборовите: „одговорното, односно службеното лице" се заменуваат со зборовите: „функционерот или раководното лице".

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе му се изрече на службеното лице кај имателот на информацијата."

## Член 3

Во член 41 зборовите: „одговорното лице" се заменуваат со зборовите: „функционерот или раководното лице".

## Член 4

Во член 42 зборовите: „одговорното лице" се заменуваат со зборовите: „функционерот или раководното лице".

## Член 5

Во член 43 во став (1) зборовите: „одговорното лице" се заменуваат со зборовите: „функционерот или раководното лице".

## Член 6

Во член 45 зборовите: „одговорното лице" се заменуваат со зборовите: „функционерот или раководното лице".

## Член 7

Во членот 45-а став (1) зборовите: "одговорното, односно службеното лице" се заменуваат со зборовите: „функционерот или раководното лице".

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
„(2) Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе му се изрече на службеното лице кај имателот на информацијата."

## Член 8

Во членот 45-б став (2) по зборот „порамнување" се додават зборовите "со издавање на прекршочен платен налог".

По ставот (2) се додаваат пет нови става (3), (4), (5), (6) и (7) кои гласат:

„(3) Службените лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(4) Во евиденцијата од ставот (1) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно претстојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог и исходот од постапката.

(5) Личните податоци од ставот (4) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(6) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

(7) Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.‟

## Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.